**20180320532**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 17, став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 36/2011, 98/2012 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016 и 21/2018) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 13.2.2018 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („Службен весник на РМ“ бр. 175/2013 и 131/2016) по членот 10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

„Документите од член 3 и 4 од овој правилник, доставени од пензиско друштво кои содржат лични податоци, Агенцијата ги уништува во следните рокови:

а) 30 дена по истекот на мандатот на членот на управен и/или надзорен одбор доколку е дадено одобрение за избор на член на управен и/или надзорен одбор на пензиско друштво.

б) 30 дена од денот на правосилноста на решението на Агенцијата со кое се одбива барањето на пензиското друштво за одобрение на изборот на член на управен и/или надзорен одбор на пензиско друштво.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-233/5
16 февруари 2018 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши,** с.р.